# ТРИМЕСЕЧЕН ИНФОГРАФИК

## БРОЈ 3

ноември 2019 – јануари 2020

## 1

Број на поднесени барања за вонреден инспекциски надзор: 23

Добиени одговори: Позитивни: 2 Негативни: 5[1] Не е добиен одговор: 17

### СОДРЖИНА НА ОДГОВОРИТЕ ПО ИЗВРШЕНИОТ ВОНРЕДЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР



- Одговори во кои е доставено само известување од ДИТ
- Одговори во кои е доставена целокупната документација од извршениот надзор

[1]Бројот на добиени одговори е повисок од бројот на поднесени барања поради тоа што во овој период Хелсиншкиот комитет доби одговор од ДИТ за поднесено барање на 22.10.2019 година.

## 2

### ПОДРАЧНИ ЕДИНИЦИ НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ НА ТРУД ДО КОИ СЕ ПОДНЕСЕНИ БАРАЊАТА ЗА ВОНРЕДЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР:




## 3

### ПРЕДМЕТ НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ НАДЗОРИ




## 4

### ВРЕМЕ НА ЧЕКАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ ОДГОВОР ПО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ВОНРЕДЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР:

Потребно време за доставување одговори од ДИТ по поднесени барања за вонреден инспекциски надзор




Време на чекање на одговор од ДИТ по барањата за вонреден инспекциски надзор за кои сè уште нема одговор




## 5

### ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ:

1. Државниот инспекторат за труд сè уште не постапува доволно брзо и ажурно по поднесените барања за вонреден инспекциски надзор. Неопходно е побрзо и поажурно постапување за подобрување на ефикасноста на заштитата на работничките права.

2. Државниот инспекторат за труд во периодот за кој се известува во ниту еден случај не ја доставил целокупната документација од извршениот инспекциски надзор (записник за извршен инспекциски надзор, решение, платен налог и слично) до подносителите на барањата за вонреден инспекциски надзор. Инспекторатот мора да ја промени оваа практика доколку цели да ја зголеми транспарентноста во своето работење.

3. Државниот инспекторат за труд сè уште нема воведено функционални телефонски линии во сите подрачни единици. Ова влијае на пристапот до заштитата и мора во најкраток можен рок да се промени.

4. Државниот инспекторат за труд треба да ја унапреди соработката со синдикатите, организацијата на работодавачите и да биде поотворен за соработка со граѓанските организации.

5. Државниот инспекторат за труд треба почесто, поефикасно и по сопствена иницијатива да врши контролни надзори во случаите каде констатирал повреди на работнички права и да проверува дали работодавачите постапиле по неговите решенија.

6. Државниот инспекторат за труд треба да ги известува подносителите на барањата за вонреден инспекциски надзор за исходот на иницираните прекршочни постапки и висината на прекршоците изречени против работодавачите кои не постапиле по решенијата на инспекторатот и не ги отстраниле утврдените повреди на работнички права.

7. Државниот инспекторат за труд сè уште нема имплементирано најголем дел од дадените препораки во инфографиците на Хелсиншкиот комитет.

British Embassy Skopje
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ ВО МАКЕДОНИЈА
UKaid from the British people